Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09 - 98/1
06.02.2026 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020) службеникот за млади од Општина Градско Мери Седмакова Димовска како овластен службеник за млади го изготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализирани активности на општина Градско**
**од делокругот на млади за 2025 година**

Во текот на 2025 година согласно своите надлежности и можности општина Градско има превземено конкретни активности и реализирано проекти кои се однесуваат на делокругот на младите и тоа:

Изготвен е и објавен Извештај за реализирани активности на општина Градско во делокругот на млади за 2024 година.

Доставени се одговори на барања за пристап до информации од јавен карактер кои се однесуваат на младите.

Одржување на „Фолклоријада Градско“ каде активно учествуваат младите како од општината така и од други општини од нашата држава и странство.

Доделена е стипендија за најдобар основец.

Општина Градско продолжува да работи на поттикнување на младите активно да се занимаваат со спорт инвестирајќи и подобрувајќи ги условите со поставување на тартан подлога во ПОУ „Даме Груев“ во с.Ногаевци.

За најмладите поставени се нови детски реквизити на детско игралиште во с.Ногаевци, реконструкција на училишното детско игралиште во Градско со

поставување на нови детски реквизите, урбана опрема и нова подлога. на повеќе локации во општина Градско. Иргградено и комплетно уредено е ново детско игралишта во населено место Старо Градско, Општина Градско.

Во месец декември изработена е Програма за активностите на општина Градско во областа на спортот за 2026 година и истата е усвоена од страна на Советот на општината.

Изготвил,
овластен Службеник за млади
Мери Седмакова Димовска

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков